Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12 и 93/13, 42/15, 44/15и 129/15, 192/15 и 39/16) **Градоначалникот на Општина Гази Баба,** на ден 18.08.2020 година, донесе:

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ДУП за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 05 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **ДУП за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 05 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: бидејќи со планскиот документ кој се донесува ќе се изврши усогласување со ГУП на град Скопје од 2012 - 2022 година и усогласување со стандардите и нормативи за урбанистичко планирање.

3. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.28-3/1992

Датум: 18.08.2020год.

Место: Скопје

Градоначалник

Борис Георгиевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ